РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел. +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-144/2
22.01.2024 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл. Весник на РСМ бр. 238/19) на ден 22.01.2024 година со почеток во 9.00 часот во службената просторија на Општина Гази Баба, пред Комисија за полагање на практичниот испит за инспектор, формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба со Арх. Бр. 08-144/1 од 04.01.2024 година се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

- **Дарко Стојковски**, Раководител на одделение за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината – Виш инспектор, во секторот за Инспекциски работи – Инспекторат.

- **Кире Ташев**, Самостоен градежен инспектор во одделение за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршењето на работите од другите надлежности на општината во Сектор за Инспекциски работи – Инспекторат.

- **Александра Димитриевска Аврамовска,** Раководител на одделение за комунална инспекција и инспекција на животна средина – Виш инспектор, во секторот за Инспекциски работи – Инспекторат.

- **Ќерамедин Селими**, Член од областа на образование, наука и култура – номиниран член од Инспекциски совет.

Кандидатот за полагање на практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Александра Спасеска на работно место Советник просветен инспектор во одделението за градежна инспекција и инспекциски надзор над вршење на работите од други надлежности во општината Гази Баба.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испит за стекнување на лиценца за инспектор каде кандидатот Александра Спасеска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекциски надзор. Кандидатот презентираше вонреден инспекциски надзор.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12, http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Александра Спасеска, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 20 бода
- Спроведување на инспекциски надзор - 25 бода
- Затварање на инспекциски надзор - 30 бода
- Документирање на инспекциски надзор - 15 бода

Комисијата констатира дека кандидатот Александра Спасеска го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 90 бода.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време, почеток во 9,00 часот, на ден 22.01.2024 година.

Завршување во 10.00 часот на ден 22.01.2024 година.

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор

**Дарко Стојковски** ______________

**Кире Ташев** ______________

**Александра Димитриевска Аврамовска** ______________

**Qeramedin Selimi** ______________